# ДОКУМЕНТ ЗА ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ДОМУВАЊЕ НА РОМИТЕ ВО ОПШТИНА

# КОЧАНИ



Декември, 2019

Проектот е финансиран од Европската Унија

Издавач:
Национален ромски центар
Ул „Доне Божинов“ 11/5,
1300 Куманово, Македонија
Тел: +389 31 427 558
E-mail: info@nationalromacentrum.org
Website: www.nationalromacentrum.org

Автор: Девелопмент солушнс ДООЕЛ-ДЕСО
Дизајн на корица и компјутерска подготовка: Зоран Величковски

Овој документ е подготвен во рамките на проектот „Поддршка за легализација на ромско домување“, имплементиран од страна на Национален Ромски Центар (НРЦ) од Куманово во партнерство со Симбиозис 12 од Куманово и ОРМ Бела Кула од Кичево, финансиран со поддршка  на Европската Унија.

“Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Здружението Национален ромски центар (НРЦ) Куманово и партнерските организации Здружение Симбиозис 12 Куманово и  Здружение ОРМ Бела Кула Кичево и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија”

# СОДРЖИНА

Вовед . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4

Методологија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

Преглед на постоечки документи и податоци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

Интервјуа со експерти и релевантни чинители . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

Интервјуа со жители од ромските заедници кои се фокус на истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

Теренско набљудување на ромските заедници кои се фокус на истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

Преглед на постоечки документи и податоци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7

Информации добиени од интервјуа со експерти и релевантни чинители . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9

Информации добиени од интервјуа со жители од ромските заедници
кои се фокус на истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12

Теренско набљудување на ромските заедници кои се фокус на истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . 13

Заклучок . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15

Препораки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16

Користени извори . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 17

# ВОВЕД

Домувањето е едно од најважните животни прашања кај секој поединец. Степенот и квалитетот на домувањетосе силно поврзани содругите аспекти на животот, па оттука пристапот до решавањето на прашањето за соодветно домување е од круцијално значење.Квалитетот на животот воопшто, зависи од условите во кои живее лицето. Лошите услови за живеење индиректно носат проблеми од социолошка, економска, психилошка природа, сокои директно се соочува човекот. Обратно, обезбеденото прашање за домување во барем, основни услови, остава простор за напредок и развој на индивидуата на секое поле.

Ромите во нашата држава најчесто се населени во периферните делови на градските населби. Кога се во прашање условите во кои живееромската заедница во Македонија, тие во голем дел се под стандардите за основно домување. Често немаат пристап до основни услови за живот, а на голем дел од нив живеалиштата им се изградени од лош квалитет. Некои делови од населбите со ромско население сеуште немааткvалитетна вода за пиење или електрична енергија.

При процесот на легализација на домовите, Ромите имаат реална потреба за помош во текот на цела таа постапка. Најголем проблем е можеби високото ниво на неписменост, што претставува посебен проблем за ромското население. Ова доведува до недоволна информираност, а не така ретко последиците од неинформираноста можат да доведат до трајни последици, со губење на нивните права доколку не се превземат чекори во предвидените рокови. Уште една од позначајните причини што ги спречува Ромите на патот кон легализиран дом, е фактот дека често,иако се запознаени со условите и можностите кои се нудат, тие не се во финансиска можност да започнат постапка за легализација. Поради овие, но и низа други причини, на Ромите им е потребна постојана правна поддршка во сите фази на постапката.

Целта на изготвувањето на еден ваков документ за локални политики, во кој од една страна се анализираат досегашните изготвени стратегии и останати документи, како и степенот на нивното имплементирање, а од друга страна - реалната состојба во која се наоѓа ромското население кога е во прашање домувањето, е да се даде дополнителен придонес во напорите за подобрување на правата на Ромите поврзани со легализација на ромските домови и урбанизација на ромските населби. Документот има за цел да обезбеди основа за развој на ефективни локални регулативи и иницијативи што ќе влијаат на подобрувањето на условите за домување.

# МЕТОДОЛОГИЈА

За изготвување на овој документ за локални политики, кој во иднина би бил од големо значење за подобрување на условите за домување на Ромите во општина Кочани, извршена е анализа преку прибирање на примарни и секундарни податоци и информации. Примарните податоци се добиени преку интервјуа со официјални претставници на Општина Кочани од Сектор за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи, како и интервјуа со жители од ромските заедници кои се фокус на истражувањето. Секундарните податоци пак, се базирани на анализа на националните акциски планови и стратешки документи, како и од други објавени публикации, мислења и анализи.

Податоците кои беа предмет на анализа, се добиени преку следните методи:

- **Преглед на постоечки документи и податоци (пр. планови, стратегии, анализи, извештаи, итн.)**
- **Интервјуа со експерти и релевантни чинители (пр. експерти од областа, претставници на општините, итн.)**
- **Интервјуа со жители од Ромските заедници кои се фокус на истражувањето.**
- **Теренско набљудување во Ромските заедници кои се фокус на истражувањето.**

## ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКИ ДОКУМЕНТИ И ПОДАТОЦИ

Првата фаза од истражувањето опфати анализа на документацијата во писмен, фотографски и електронски формат. Целта беше најнапред да се обезбедат основни информации за реалната состојба на Ромите кога е во прашање домувањето и легализацијата на домовите.

Предмет на преглед беа официјалните документи од институциите, податоците обезбедени со слободен пристап до информации од јавен карактер, анализите на политики за легализација и урбанизација и нивна имплементација, како и извештаите од специјализирани агенции и организации, и слично.Кога е во прашање овој метод, тој има своевидно ограничување во однос на тоа дека истиот е изготвен исклучиво врздокументацијата која е достапна во јавноста, како и според начинот на кој таа документација е презентирана и каков е нејзиниот квалитет.



Фотографија: Ирсан Јашаровски

## ИНТЕРВЈУА СО ЕКСПЕРТИ И РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ

Целта на оваа фаза од методологијата беше да се соберат релевантни податоци преку интервјуа кои се спроведени со експерти и релеванти чинители.

Лицата кои беа интервјуирани се експерти во областа, со длабоко познавање на условите за домување на Ромите во државата и поддршка на ромските семејства во процесот на легализација на нивните домови.

Со официјалните претставници на Општина Кочани разговарав околу состојбата на ромските населби во општина Кочани, со посебен акцент на домувањето и самиот процес на легализација.

Беа структурирани прашања од отворен тип, на начин што од експертите се бараа детални одоговори, со цел да се овозможи слобода на интервјуираниот во изразувањето на своите ставови, без притоа да се понудат можни одговори на поставените прашања.

## ИНТЕРВЈУА СО ЖИТЕЛИ ОД РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КОИ СЕ ФОКУС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на оваа, претпоследнафаза од истражувањето беше прибирање на конкретни информации од страна на засегнатите жители во проблематиката.

Со овој метод беше предвидено да се соберат информации од прва рака, преку серија клучни прашања за темата, но истовремено и преку оставање доволно простор за нови прашања кои произлегоа како резултат на дискусијата.

Интервјуата беа отворени (но, со одредени насоки зададени однапред), со што тие се корисни за проценка на мислења и релевантноста на информациите.

За да биде овој метод успешен, најнапред треба да се дефинира целта и да се утврди кои информации се потребни, како и да се направи листа за потребните работи. Прашањата беа поставени на начин што интервјуираните имаа можност преку дискусија да ги изразат своите ставови.

## ТЕРЕНСКО НАБЉУДУВАЊЕ НА РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КОИ СЕ ФОКУС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Финалната фаза од собирање на податоци опфати теренско набљудување на ромските заедници во општина Кочани. Целта на теренското набљудување беше да се изврши идентификација на проблемите со кои се соочуваат засегнатите жители преку мониторинг и проценка на актуелната состојба на заедниците.



# ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКИ ДОКУМЕНТИ И ПОДАТОЦИ

Информациите од последниот попис во државата велат дека во општина Кочаниромското население е застапено со 5.12% од вкупното население од 38.092 жители[1]. Притоа, најголем дел од Ромите во Кочани се населени на неколку улици: „Славче Стојменов“, „Стамен Манов“, „Митко Бекарски“, „Стив Наумов“ итн. Овие улици се поврзани меѓусебно и се дел од една иста територијална единица „Градска четврт“ број 5, која го опфаќа најголемиот дел од оваа заедница.[2]

Според податоците од Извештајот за социјалното мапирање[3], изготвен од страна на International Development Europe SL, проценката на ромската популација во Кочани е следната:

| Населба | Домаќинства | Население |
|---|---|---|
| Стив Наумов | 40 | 160 |
| Митко Бектарски | 80 | 320 |
| Стамен Манов | 300 | 1.200 |
| Славчо Стојменов | 250 | 1.000 |
| Гроздан Трифумов | 70 | 280 |
| Шукри Шаи | 15 | 60 |
| Љупчо Сантов | 30 | 120 |
| **Вкупно** | **543** | **2.172** |

Комплетен урбан развој на локацијата каде што живее најголемиот дел од ромското население во оваа општина не е овозможен пред се поради густо населените домови, иако оваа населба е вклучена во Деталниот урбанистички план изготвен Општината.[4]

1 Државен Завод за Статистика, Попис на населението, достапен на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaXIII.pdf

2 Информации добиени од интервјуата со официјални претставници на Општина Кочани, засегнатите граѓани, како и од теренската посета на ромската заедница

3 Извештај за социјално мапирање, AECOM International Development Europe SL, 2019

4 Информации добиени од интервјуата со официјални претставници на Општина Кочани

Што се однесува до големината на живеалиштата во Кочани, најголем дел од куќите (48%) се во опсег од 51м2 до 70м2. Сепак, постојат и мали живеалишта во општината – 7% во опсег од 10м2 до 16м2 и 11% од куќите од 17м2 до 30м2. Околу 18% од становите што може да се сметаат за големи со повеќе од 71 м2.[5]

Во јануари 2005 година е усвоена Националната Стратегија за Роми и развиени се четири Национални Акциони Планови за вработување, домување, здравство и образование. Заедно со Декадата за Роми 2005 – 2015 претставуваат први национални политички документи од овој карактер во државата чија цел е подобрување на условите на Ромите. Со оглед на важноста на областа што ја опфаќа, Стратегијата доби и втора верзија која е моментално важечка, а се надоврзува на претходните заложби.[6] Сепак, меѓународните извештаи за напредокот во процесот на интеграција и инклузија на Ромите во земјава покажуваат напорите остануваат недоволни на ова поле. Имено, последниот извештај на Европската Комисија за напредокот на земјата нагласува дена „имплементацијата на Стратегијата за Ромите (2014–2020) и соодветните акциски планови во домените образование, домување, род и здравство е постепена и останува уште многу да се направи. Владата покажува посветеност, но недостигот на мониторинг на средства за овие цели, како и слабата апсорпција на постоечки средства останува проблем“.[7]

Општина Кочани е една од шестнаесетте општини во државата кои потпишаа договори за имплементација на Националната Стратегија за Роми преку изготвување на Локален акциски план за Роми во сферата на домувањето и образованието.

Прашањето за домување во државата е опфатено со неколку закони:

- **Закон за домување**[8];
- **Закон за постапување со бесправно изградени објекти**[9]; и
- **Закон за субвенционирање на станбен кредит**[10].

Минималното домување треба да му биде обезбедено на секој граѓанин. Тоа вклучува задоволување на минимални просторни услови, опременост на станот со основна комунална инфраструктура како што се струја, вода и одвод и сообраќајна поврзаност на станот со населбата, односно градот, како и правната сигурност на поседување или користење на станот.

Соодветно домување освен елементите на минимално домување вклучува соодветна приватност и простор, физичка достапност, безбедност, конструктивна стабилност и трајност, осветлување, греење и вентилација, основна инфраструктура како што се довод, одвод и собирање на смет, квалитет на околината и фактори поврзани со здравјето, како и пристапност во однос на работата и основните услуги.[11]

Иако на првите документи на тема домување кај Ромите е почнато да се работи од пред петнаесетина години, евидентно е домувањето е област што опфаќа поголем и долготраен процес за кој е неопходно да помине подолг временски период пред да се воочи реалниот напредок.

За жал мора да потенцираме дека кај Ромите сеуштее забележително пониското ниво на услови за живот во компарација со граѓаните од другите заедници. Сепак, воочливи се подобрувањата на ова поле, со посебен акцент на залагањата во последните неколку години.

5 Извештај за социјално мапирање, AECOM International Development Europe SL, 2019
6 Стратегија за Роми 2014 - 2020, Министерство за Труд и Социјална Политика, достапна на http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strategija%20za%20Romite%20vo%20RM%202014-2020.pdf
7 European Commission, North Macedonia 2019 Report, 2019, достапен на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20190529-north-macedonia-report.pdf
8 Закон за домување, 2012, достапен наhttp://www.rkd.gov.mk/sites/default/files/PTV_Zakon_za_domuvanje_38_21032012.pdf
9 Закон за постапување со бесправно изградени објекти, 2011, достапен наhttps://cutt.ly/ge2F65t
10 Закон за субвенционирање на станбен кредит, 2019, достапен на https://cutt.ly/me2ZqMn
11 Чл.8, Закон за домување, 2012, достапен на http://www.rkd.gov.mk/sites/default/files/PTV_Zakon_za_domuvanje_38_21032012.pdf

# ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ИНТЕРВЈУА СО ЕКСПЕРТИ И РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ



Експертите од Општина Кочани во разговорите одржани со нив, истакнаа дека се превземаат максимални напори за овозможување на соодветни услови за домување на ромско население во Кочани.

Тие информираа дека моментално работат на подготовка на нов урбанистички план конкретно за локалитетот каде е населена ромската заедница во Кочани. Иако локацијата Градска четврт број 5, не е населба што ја сочинува само ромското население, сепак најголем процент од Ромите од Кочани се населени токму во оваа населба.

За гореспоменатата локација веќе постои ДУП, но бидејќи тој не се почитува од страна на граѓаните, потребни се измени кои ќе се приспособат на реалната состојба на терен.Ситуацијата е комплицирана бидејќи објектите се премногу густо изградени во тој дел, но од Општината прават се што е во нивна моќза надминување на проблемите.12

Изработката на план е процес кој не е лесен бидејќи мора да биде изготвен согласно нормативите и притоа да помине низ повеќе процедури.

12 Информации добиени од интервјуата со официјални претставници на Општина Кочани

Во првата фаза од постапката изготвениот планод страна на Општината се изложува на огласна табла пред општинската зграда, како и секоја друга постапка,а исто така се објавува и на веб страната на Општината,на која се излага графички приказ и текстуален дел. Потоа се организира презентација на која подетално е објаснуван подготвениот план. Граѓаните од опфатот, но и сите заинтересирани граѓани кои сакаат да се информираат и да погледнат - се информирани навремено за презентациите што се одржуваат во врска со планските документации.

Постапката е продолжена, не е едноставна. Таа се продолжува на начин што се остава одреден период за јавна анкета, за да граѓаните можат да достават анкетни листови.Потоа се спрема конечен предлог план. Следно се бара мислење од институции, па согласност од Министерството за транспорт и врски итн.[13] Соговорниците од Општина Кочани информираа дека планот по кој ќе се заврши постапката и ќе се усвои, потоа останува граѓаните да поднесуваат барања за одобрение за градба на чистите парцели.

Претставниците на Општината велат дека и претходно имале ваков пристап, преку изготвени анкетни прашалници да се доставуваат предлози, забелешки од граѓаните. Потоа по нив се постапува, се одговара, што може да се прифати – се прифаќа. Што не може – им се одговара на граѓаните и им се објаснува поради кои причини нивниот предлог не е возможно да се имплементира.

Интервјуираните експерти истакнаа дека забележаливо е дека и ромските жители поднесуваат барања за легализација во редовна процедура, но сепак најголем дел од барањата поднесени од нивна страна се однесуваат на легализирање на бесправно изграден објект. Притоа наведоа дека ромските граѓани секојдневно ја посетуваатОпштината, главно да се информираат кога ќе биде завршен планот, како и да постават разни прашања околу легализацијата.

Граѓаните реагираат дека не може да се пристигне со автомобил до нивните домови, но претставниците од Општината истакнуваат дека вината за тоа не е во нив, туку кај жителите. Практично, добар дел од нивните домови се изградени на места кои што според планската документација биле предвидени за улици, со што планираните димензии и ширини за улиците се значително намалени.Соговорниците од Општината токму тука го гледаат проблемот за недостатокот на соодветна патна инфраструктура.[14]

Претставниците на Општината апелираат дека е исклучително важно да се престане со бесправна градба.Потенцираат дека треба да се изнајде начин да се едуцира населението декапрво треба да се средат документацијата, па потоа да се градат. На тој начин и тие би имале многу подобри услови за живот, кои моментално самите си ги усложнуваат. Според нив, со самото тоа што се изградени куќа до куќа немаат соодветно осветлување во нивните домови, како ни проветрување, а нема ниту простор да се направи улица.

Соговорниците од Општината истакнаа дека и инспекторите кога излегуваат на терен ги едуцираат на нивен начин. Притоа наведоа дека кога има потреба и финансии, одвреме навреме имаат пракса да рушат по неколку објекти од сите делови на градот, со цел да им се даде на значење на граѓаните дека не треба да се градат бесправни објекти. Интересна е информацијата што ја споделија дека неретко во ромските населби има случаи кадешто соседите меѓусебно се пријавуваат во Општината за бесправно изградени објекти.

Претставниците на Општината истакнаа дека досега граѓаните имаат поднесено 8 464 барања за легализација. Од нив 5390 се решени – легализирани или се влезени во постапка за решавање, а 3074 се одбиени поради некомплетна документација. Експертите наведоа дека не располагаат со информации за барања поднесени од страна на ромски граѓани бидејќиза нив сите жители спаѓаат во иста категорија.

Во соработка со Минитерството за труд и социјална политика, се обезбедени седум куќички кои се наменети за ромски фамилии кои се социјално загрозени. Во секоја од куќичките има соодветни услови за домување за по четири фамилии.

13 Информации добиени од интервјуата со официјални претставници на Општина Кочани
14 Информации добиени од интервјуата со официјални претставници на Општина Кочани



Фотографија: Ирсан Јашаровски

# ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ИНТЕРВЈУА СО ЖИТЕЛИ ОД РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КОИ СЕ ФОКУС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Поголемиот број од интервјуираните жители изјавија дека ја завршиле постапката за легализација, односто уредно си ги легализирале изградените објекти. Мал процент од испитаниците одговорија дека постапката им е во процедура. Важно е да се потенцира дека сите соговорници беа информирани околу можноста за легализирање на бесправно изградените објекти. Информациите ги добивале од претставници на граѓанските организации и од вработените во Општина Кочани.

Од разговорите со засегнатите жители може да се заклучи дека кај најголем процент од домовите има комунална инфраструктура, водоснабдување, улици, пристапни патишта. Единствено испитаниците од „Полски пат“ и „Коперски гробишта“, истакнаа дека во нивната околина има неасфалтирани улици кои не се лесно проодни, па на тој начин им се отежнува секојдневниот живот. Исто така ромските жители од овие маала наведоа дека притисокот на водата за пиење е со слаб напон. Забелешки имаа и за канализационата мрежа, за која потенцираат дека не е во соодветна состојба.

Некои од испитаниците се изјаснија дека имаат проблем со влага. Забележителен е бројот на ромското население кое истакна дека електричната енергија која ја имаат во домовите не е со квалитетен напон.



# ТЕРЕНСКО НАБЉУДУВАЊЕ НА РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КОИ СЕ ФОКУС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Густо населените куќи се она што ги отсликува населбите во кои живеат жителите кои се фокус на истражувањето. Како последица на тоа може да се забележи дека домовите немаат пристап до соодветна светлина.

Ромските населби генерално имаат приклучок до вода за пиење иако дел од нив се приклучени на нелегален пат.

Кога е во прашање инфраструктурата, може да се заклучи дека маалата „Полски пат“ и „Коперски гробишта“ имаат најлоши услови. Кај останатите делови е воочливо дека имаат соодветна водоводна, електрична мрежа, но и асфалтирани улици, иако кај некои истите се веќе застарени.

Кај одреден дел од маалата нема соответен пристап до живеалиштата поради тесните улици кои се наоѓаат непосредно до нивниот дом.

# ЗАКЛУЧОК

Домувањето е тесно поврзано со сите аспекти на животот на поединецот. Иако домувањето најчесто се поврзува само со локацијата на која поединецот престојува, без притоа да се поврзе со другите области, како што се образованието, економската активност, здравството и друго. Квалитетната инфраструктура на населбите е неопходен предуслов за развојот на заедницата и квалитетот на живот на нејзините граѓани.

Секој поединец има право на минималното домување, кои ги содржи минималните просторни услови, опременост на домот со основна комунална инфраструктура како што се струја, вода и одвод и сообраќајна поврзаност на станот со населбата, односно градот, како и правната сигурност на поседување или користење на станот.

Соодветно домување вклучува соодветна приватност и простор, физичка достапност, безбедност, конструктивна стабилност и трајност, осветлување, греење и вентилација, основна инфраструктура како што се довод, одвод и собирање на смет, квалитет на околината и фактори поврзани со здравјето, како и пристапност во однос на работата и основните услуги15.

Според извршената анализа со која се опфатени податоците добиени со преглед на националните акциски планови и стратешки документи, публикации, мислења и анализии преку разговор со стручни лица од областа, официјални претставници на Општина Кочани како и интервјуа со жители од ромските заедници кои се фокус на истражувањето, може да се заклучи дека од страна на Општината има заложби за подобрување на услови за живот на Ромите од овој град.

Но сепак, има доста проблеми со кои ромското население сеуште се соочува. Треба да се продолжи и да се подигне нивото на вложување во овие населби, бидејќи само така ромското население ќе ги ужива истите услови како и останатите граѓани.

Кога станува збор конкретно за постапката за легализација, може да се забележи дека најголем број од граѓаните го искористиле рокот за поднесување на барање за легализација на бесправно изградените објекти.

15 Чл.8, Закон за домување, 2012, http://www.rkd.gov.mk/sites/default/files/PTV_Zakon_za_domuvanje_38_21032012.pdf

# ПРЕПОРАКИ

**Од погоре анализираните информации и податоци може да се заклучи дека Општина Кочани работи напорно за решавање на проблемите на ромското население.**

**Иако Општината има превземено доста чекори за подобрување на условите за живот на ромската заедница, сепак има доста простор и проблеми кои сеуште не се решени.**

**Како еден од главните приоритети на Општината и во наредниот период треба да биде асфалтирањето на сите преостанати улици, вклучувајќи ги секако и улиците со претежно ромско население, како и корегирање на веќе постоечките кои не се во најдобра состојба.**

**Исто така е потребно да се продолжи со иницијативата за обезбедување социјални станови за најзагрозените семејства.**

**Се наметнува прашањето што ќе биде со ромските семејства и нивните идни домови откако мерката за легализирање на бесправните објекти по минимален износ полека доаѓа до својот крај. Како во иднина социјално загрозените Роми ќе ги легализираат своите домови? Оттука, неопходно е продолжување на оваа мерка, но овојпат преиначена во редовно легализирање на објектите по минимален износ за сите социјално загрозени семејства, без разлика на етничката припадност нормално. Со ова би се одбегнале голем број на бесправно изградени објекти во иднина.**

**Постапката за легализација на домовите, е премногу комплицирана и бавна за ромското население. Мора да се изнајде начин, како секојдневно да им се помага при целиот тој процес на овие жители.**

**Превземање на конкретни мерки кога е во прашање едукацијата и образованието генерално, е еден од најважните аспекти за подобрување на живото на Ромите на долг рок.**

**Изготвување на систем за обработка на податоци за ромско население, кој би ја отсликувал состојбата со домувањето на ромската популација би помогнал во голема мера. Редовно ажурирање на дата база каде ќе се прибираат информации за ромското населние на локално ниво.**

**Разбирливо е дека ваква можеби база досега не е направена поради фактот што истата може да биде сфатена и како дискриминација кон ромското население, но гледано од друг аспект, поседувањето на овие податоци би било од огромна помош за поефикасно и поефективно решавање на проблемите на Ромите, не само кога е во прашање домувањето и легализацијата на истото, туку и подобрувањето на условите за живот воопшто.**

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ


- Закон за домување, 2012
- Закон за постапување со бесправно изградени објекти, 2011
- Закон за субвенционирање на станбен кредит, 2019
- Национален акционен план за домување 2016 – 2020, Министерство за Труд и Социјална Политика, 2016
- Стратегија за Роми во Република Македонија 2014–2020, Министерство за Труд и Социјална Политика, 2014
- Иднината на Националната Стратегија за Роми, Проект: "Мрежа на Ромски граѓански организации одговор на Ромската заедница", 2014
- Ромите во Република Македонија: Предизвици и нееднаквости во домувањето, образованието и здравствената заштита, Меѓународна група за малцински права, 2018
- Извештај во сенка – Спроведувањето на Стратегијата за Роми во Р. Македонија за 2017 година, Центар за економски анализи – ЦЕА, Институт за Истражување и Анализи на Политики – Ромалитико, 2018
- Заедницата на Роми во Република Македонија – Состојби и предизвици водомувањето и здравството, Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите "Месечина" Гостивар, 2007
- European Commission, North Macedonia 2019 Report, 2019, достапен на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20190529-north-macedonia-report.pdf
- Извештај за социјално мапирање, AECOM International Development Europe SL, 2019
- Јавна Кампања за ромски заедници, РОМА СОС Прилеп, 2019, достапно на http://romasosprilep.org/wp-content/uploads/2017/05/Javna-kampanja-vo-8-opstini-WEB.pdf